Врховниот суд на Република Северна Македонија на Општа седница одржана на ден 11.07.2023 година, согласно член 37 став 1, алинеја 1 од Законот за судови (Сл.весник на РМ бр. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и198/18 и Сл.весник на РСМ бр.96/19), член 63 став 1 и 2, член 65 став 1 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, расправајќи по поднесената Иницијативата за утврдување на начелен став или начелно правно мислење од Адвокат Трајче Митевски од Кавадарци , го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К

Иницијативата Су-03.бр.187/23, поднесена од Трајче Митевски, адвокат од Кавадарци, за утврдување на начелен став и начелно правно мислење, поради немање различна судска пракса НЕ СЕ УСВОЈУВА.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судови („Сл.весник на РМ" бр.58/06 ... бр.96/19), Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 11.07.2023 година, расправаше по поднесената Иницијатива од Адвокат Трајче Митевски од Кавадарци, во врска со правното прашање – Дали Нотарите се овластени да ги составуваат сите правни работи во форма на Нотарски акт или само тие што се предвидени како задолжителни во член 52 од Законот за нотаријат, а останатите само да ги солемнизираат.

Со оглед на содржината на поставеното правно прашање Општата седница заклучи дека не е надлежна да расправа по истата, бидејќи во случајов не се работи за различна судска пракса.

Врховен суд на
Република Северна Македонија
Општа седница